# THE MACEDONIAN IDENTITY IN THE BRITISH AND AMERICAN DIPLOMATIC CORRESPONDENCE

**Тодор Чепреганов**
todor.cepreganov@yahoo.com

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology history of art, ethnology, other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Vladimir D. Mihajlovic
University of Belgrade
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Abstract

In this paper, we refer to the British interest in Macedonia that began during the Napoleonic Wars, continued during the Crimean War, but showed greater interest in the second half of the 19$^{th}$ century and during the San Stefano and Berlin Agreements. From that period on, the Macedonian issue will be constantly present in British diplomatic correspondence.

On the other hand, the USA's interest in Macedonia was incidental. They showed interest during the kidnapping of Miss Ellen Stone, at the Paris Peace Conference, as well as in 1944, when they sent their military missions to the territory of Macedonia. In this context, one should take into account the fact that the USA until 1917 practiced the policy of isolationism, i.e. not to interfere in the developments in Europe.

**Проф. д-р Тодор Чепреганов**

# МАКЕДОНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ ВО БРИТАНСКАТА И АМЕРИКАНСКАТА ДИПЛОМАТСКА КОРЕСПОНДЕНЦИЈА

По завршувањето на Првата светска војна и исцртувањето на новата карта во Европа, Велика Британија ќе застане зад одбрана на status quo ситуацијата во Источна Европа и Балканот. Британската и француската влада, со склучувањето на мировните договори, кои произлегоа од Версај, сметале дека македонското прашање е решено со потврдената поделба на Македонија од Букурешт. Бугарија не била задоволна, како со договорот во Букурешт, исто така и со договорот во Версај. Бугарија ја изгубила Тракија која ѝ припаднала на Грција и Струмица, Цариброд и Босилеград кои припаднале на Кралството Србија. Во една таква ситуација, тензиите меѓу Кралството Србија и Бугарија повторно избиле во прв план. Од своја страна, со цел да го одржат status quo статусот, Британците се вклучиле во бугарско-југословенската контроверза за Македонија. Надежите на Бугарија, за зголемување на својата територија и тоа на сметка на Македонија, не се исполниле. Не било дозволено од големите сили, како и од балканските држави кои, исто така, имале аспирации кон македонската територија. Тие гледале на секој можен начин да го држат прашањето отворено и тоа како „бугарско“ прашање, како би можеле во одреден момент да го реализираат во своја корист. Меѓутоа, нивните интереси, дека во Македонија живеат „Бугари“, „Македонски Бугари“, било во спротивност со интересите на народните структури кои веќе оформиле македонска национална свест и се залагале за формирање на самостојна, независна македонска држава.

Посебна нервоза кај Британските дипломатски претставници и разузнавачи во периодот меѓу двете светски војни предизвикувала неспособноста на бугарските влади да најдат начин да се ослободат од активноста на ВМРО. Она за што најмногу биле заинтересирани Британците било да се задржи мирот и стабилноста на Балканот и од тие причини тие покажувале посебен интерес за македонските интриги на балканските Словени.[1] Во однос на причините зошто Британците се инволвирале во македонското

[1] Димитрис Ливаниос, *Македонското прашање: Велика Британија и Јужен Балкан 1939 – 1949*, Арс студио, 2017, 53.

прашање, британскиот експерт во Министерството за надворешни работи, Сарџент, истакнал: „Не се занимаваме со ова проблематично прашање поради некоја голема приврзаност што ја чувствуваме за Бугарија или Југославија". Всушност, се работело за страв дека „некакви немири може да се прошират низ остатокот од Европа".[2]

Причината поради којашто Британците биле толку заинтересирани во бугарско југословенската контроверза и активностите на ВМРО, лежела пред сè во ризикот од ширење на нова катастрофа на Балканот која би можела да се прошири и во Европа. Будно набљудувајќи ја состојбата на Балканот, британската дипломатија со сите сили настојувала да ги спроведе договорите склучени во Версај и, после тоа, и да го одржи мирот.

Во тој контекст, Министерството за надворешни работи на Велика Британија зазело став кој бил срочен во четири точки:

„(а) да се почитуваат постојните граници,

(б) бугарската влада да направи сè во своја моќ 'да загосподари со сопствената куќа' со ограничување на активностите на ВМРО,

(в) Југословените 'да се најдат на половина пат со Бугарите', прекинувајќи да ги поддржуваат прогонетите членови на земјоделската партија,[3] со подобрување на администрацијата во 'Јужна Србија', и

(г) да се спречи македонското прашање да стане прашање на меѓународната политика".[4]

Исто така, Министерството за надворешни работи зазело став да не дозволи македонското прашање да се поставува на седниците на Друштвото на народите, а посебно биле преокупирани со прашањето за „националноста на жителите на

[2] Цитирано според: Димитрис Ливаниос, *Македонското прашање...*, 53-54.

[3] По државниот удар од 1923 година против режимот на Стамболиски, многу пројугословенски претставници на земјоделската партија си заминале од државата, барајќи засолниште во Југославија и почнале да се занимаваат со субверзивни активности против владите на Цанков и Љапчев. Тодоров кој верувал дека „само во атмосфера на бугарско-југословенско братство, може да се реши македонското прашање", станал страстен непријател на ВМРО. Го гледал како сериозна пречка во постигнувањето на бугарско-југословенска „природна унија". Димитрис Ливаниос, *Македонското прашање...*, 54.

[4] Исто, 54.

југословенска Македонија, како и пожелноста и практичната употреба на препознавањето на ’бугарско’ малцинство во Југославија“.[5]

Британците се сметале себе си, бидејќи немале заземено страна, за непристрасен, но загрижен посредник меѓу Југославија и Бугарија. Единствено за што биле заинтересирани било спроведувањето на мировните договори. Во односите меѓу Бугарија и Југославија тие воделе политика на „поттикнување на умереност“. Таа политика на давање на „совети“, а понекогаш и поднесување на „официјални жалби“, започнала во февруари 1924 година, кога до Министерството за надворешни работи на Велика Британија стигнала информација дека лидерот на ВМРО Тодор Александров подготвувал да испрати чети на територијата на Југославија за преземање на терористички акции.[6] Од тие причини од Министерството за надворешни работи на Велика Британија, на Вилијам Ерскин, британски амбасадор во Софија, му било пренесено „да им упати најсериозни офицјални жалби“ на Бугарите, со цел да ги спречат нападите од членовите на Организацијата. Во својот одговор, бугарскиот министер за надворешни работи, Калфов, истакнал дека и самиот е свесен за опасноста и дал наредба на граничните служби да ги преземат потребните мерки, по што Ерскин известил дека Александров испратил циркулар за повлекување од акциите.[7] Поради умерениот став на Калфов, амбасадорот Ерскин, сметал дека бугарската влада нема никаква вмешаност во активностите на Организацијата. Меѓутоа, од страна на Централниот оддел при Министерството за надворешни работи на Велика Британија, на амбасадорот Ерскин му било посочено дека бугарската влада го користи Александров за провокација кон Србите, како истите би одговориле на таквите упади, што би им дало за право на Бугарите да поднесат барање до Друштвото на народите и да го интернационализираат прашањето.[8] „Мора да ни е јасно“, стоело во записникот, „дека Бугарите покажуваат селска лукавост, самосожалување и тврдоглавост“.[9]

Од друга страна, британските дипломатски претставници и разузнавачи во своите извештаи од теренот не можеле да ја пренебрегнат вистината и она што се случувало пред нивни очи, особено ова важи за оние кои го посетиле делот на Македонија во рамките на Грција. На нивното прашање упатено на Македонците: „Што

---

[5] Димитрис Ливаниос, *Македонското прашање*…

[6] Исто, 56.

[7] Исто, 57.

[8] Исто, 57.

[9] Исто, 57.

сакате? Автономна Македонија или Македонија под Бугарија?", одговорот бил: „Ние сакаме добра администрација. Ние сме Македонци, ниту Грци, ниту Бугари.... Сакаме да живееме во мир".[10] Но, и покрај овој недвосмислен факт за идентитетот на Македонците, Британците сепак, вниманието го концентрирале кон ВМРО со цел истата да се дискредитира меѓу „студентите во европските универзитети кои припаѓаат на бугарско-македонска националност".[11] Во Меморандумот од 26 ноември 1925 година, подготвен од Централниот оддел на Министерството за надворешни работи на Велика Британија, биле дадени насоките во однос на прашањето какви требало да бидат официјалните ставови на Велика Британија за македонското прашање. Покрај историскиот приказ на борбата за автономија на Македонија, се истакнува дека „барањето за расна и економска автономија за Македонија е современа креација без каква било основа врз историски факти, помеѓу другото и заради фактот што Грците отсекогаш биле доминантни на егејското приморје помеѓу планината Олимп и реката Места".[12] Во таа своја анализа Британците сметале дека „словенското население во Македонија било одвоено до 1870 година од Словените во Бугарија и Србија, но под влијание на пропагандите тоа население се насочувало во тие два правци, а јазикот кој го говореле македонските Словени бил дијалект разбирлив и за Србите и за Бугарите, но малку поблизок до бугарскиот јазик... Возможно е мнозинството од овие Словени да се, или биле, пробугарски, но погрешно е да се нарекуваат поинаку од македонски Словени. Во врска со ова, неоправдани се тврдењата на Србите дека тие се јужни Срби и на Бугарите кои тврдат дека тие се Бугари".[13] Според Британците, поделбата на Македонија било најпрактичното решение и дека воопшто „не постои вистинска причина да се земе предвид политичката експедитивност која би можела да наведе на потребата за промена на сегашните граници"[14] имајќи го предвид фактот што во секоја прилика кога Британците ќе сметале дека македонското прашање е решено, се појавувале четите на Организацијата за да ги демантираат.

Она што посебно ги вознемирувало Британците била можноста во случај да ѝ се даде автономија на Македонија, таквиот чин, да предизвика раскинувањето на мировните договори и ревизија на границите, а според нив решението на македонското

[10] Димитрис Ливаниос, Македонското прашање...
[11] Исто, 70.
[12] Исто.
[13] Исто.
[14] Исто.

прашање би било можно „доколку промените за кои се залагале различните групи со македонски предзнак, биле решени во рамките на постоечките договори под медијаторство на Друштвото на народите.[15] Крајната цел за мир на Балканот, Велика Британија го гледала во таканаречена српско-бугарско-словенска конфедерација во која еднаш засекогаш би се решило македонското прашање."[16]

Основната политика на Британците во текот на 20-тите години од XX век, била да ги спречат насилствата на ВМРО и да се избегне војна меѓу Бугарија и Југославија, промовирајќи дух на разбирање и помирување. Британците се надевале дека ВМРО поради поинтензивните меѓусебни убиства ќе предизвикаат уништување на самата Организација. Уште повеќе што „во раните 30-ти години од XX век, британското Министерство за надворешни работи било сè поуверено дека внатрешните немири ќе ја завршат работата во која не успеале различните бугарски влади, бидејќи Македонците се убивале „со стапка до најмногу 5 убиства дневно".[17] Исто така, Британците располагале со информации дека внатрешните судири во ВМРО „го оддалечиле од нив населението и на југословенска и бугарска Македонија".[18]

Како одминувало времето и созревала националната мисла, сè појасно станувало дека Британците не можат да го избегнат фактот за постоењето на Македонците. Во извештајот од 1926 година на третиот секретар на британската амбасада во Белград, Галоп, се истакнува дека „оние кои ги сретнав инсистираа да се нарекуваат самите ниту Срби, ниту Бугари, туку Македонци...".[19] И во годишниот извештај на британското дипломатско претставништво во Белград за 1927 година, во делот кој се однесува за јужна Србија стои мислењето дека „поголемиот број на населението е, веројатно, еднакво рамнодушно кон бугарските, како и кон српските претензии...Славофоното население во српска Македонија дефинитино се смета за различно од Србите. Доколку ги запрашате за нивната националност, тие велат дека се

[15] Во врска со ставовите на В. Британија кон македонското прашање Живко Аврамовски тврди дека британската дипломатија постојано инсистирала на статус кво - состојба во македонското прашање, со цел да се даде време за асимилација на Македонците и да се спречи создавање на самостојна македонска држава, која би била во спротивност на британските интереси на Балканот. Кај Британците постоел страв дека таквата мала држава би била загрозена од нејзините соседи и заради таа инфериорна улога би можела да побара помош од Советскиот Сојуз. Теон Цинго, *Велика Британија и Балканот: (1919-1941)*, Арс студио, Скопје, 71.

[16] Исто.

[17] Исто, 63.

[18] Исто.

[19] Цитирано според: Теон Цинго, *Велика Британија и Балканот...*, 71.

Македонци и дека говорат македонски дијалект”, запишал во своите забелешки Оливер Ц. Харви од Министерството за надворешни работи на Велика Британија.[20] Согледувајќи ја состојбата на теренот дека постои ривалитет меѓу Македонците и локалните власти, односно во неможност да се поставaт локални чиновници од македонско потекло, заради негирањето на посебноста на македонскиот народ од владата на Кралството на СХС, британската мисија во Белград барала од централната власт назначување на нови чиновници кои би биле Хрвати и Словенци по националност.[21]

Во ситуација кога имаме став на Министерството за надворешни работи и извештаи кои го негираат политичкиот став со непризнавањето на македонскиот идентитет, во рамките на Министерството започнале дебата во врска со македонското прашање. Теренските извештаи зборувале за посебноста на Македонците и различниот идентитет од нивните соседи што во суштина требало да претставува де факто и де јуре признавање на македонскиот народ како посебна словенска група, но политичарите, спротивно на фактите од нивните дипломатски претставници, своите политички дејствувања нема да ги насочат кон изнаоѓање на мерки за признавање на македонската нација како посебен национален ентитет, туку сметале дека решението на проблемот може да се најде во асимилацијата на Македонците преку низа мерки преземени од страна на владите на Грција, Србија и Бугарија.[22]

Во Меморандумот од Министерството за надворешни работи насловен „Македонското прашање и активностите на комитаџиите”, како и во Меморандумот од 1925 година било истакнато дека „Македо-Словените се различни од Бугарите и од Србите.”[23] И покрај фактот што веќе, по втор пат, Британскиот политички врв ги признава Македонците како народ со посебен и различен идентитет од соседите, сепак, британската политика која се залагала за зачувување на територијалните разграничување востановени со Версајскиот мировен договор била причина тој факт постојано да биде занемаруван. Во Меморандумот се потенцира дека „постоењето на македонска националност претставува опасност кој го загрозува целиот мировен поредок бидејќи бара преиспитување, не само на границите помеѓу Кралството

[20] Цитирано според: Теон Цинго, Велика Британија и Балканот...
[21] Исто.
[22] Исто.
[23] Исто, 75.

Југославија и Бугарија, туку, исто така, и границите помеѓу Кралството Југославија и Грција и помеѓу Кралството Југославија и Албанија”.[24] Сметале дека единствено преку дипломатијата требало да се контролира македонското прашање и status quo-то. Анализата и заклучоците од овој Меморандум во основа биле насоки кои ја претставувале британската политика кон Македонија и Македонците и се задржал се до почетокот на Втората светска војна.[25]

Британското министерство за надворешни работи веќе имало свој став во однос на националноста на Македонците. „За британското Министерство за надворешни работи, Македонците немале никаква национална припадност, ниту, пак, можат да изберат каде припаѓаат, дури и ако од нив се побара тоа. ‘На мнозинството Словени... не им е гајле на која националност припаѓаат’“[26], притоа додавајќи дека „некоректно е да се именуваат поинаку освен македонски Словени. Во однос на ова и српското тврдење дека се Срби од јужниот дел на земјата, и бугарското тврдење дека се Бугари, се неоправдани“. Нивниот заклучок бил дека „голем дел од жителите на Македонија немаат никаква конкретна национална аспирација, туку би биле совршено задоволни под која било влада што ќе им овозможи разумна слобода и заштита од ’комитите‘“ што го прават мизерен животот во селата“.[27] Ливаниос смета дека „отсуството на јасна национална лојалност кај Македонците било толку навлезено во ставовите на Министерството за надворешни работи, што службениците не се двоумеле да коментираат на научните истражувања, чија цел била да им се даде националност на Македонците“.[28]

За време на периодот меѓу војните, Британија сметала дека македонското прашање „претставува ‘искра’, што не треба да се разгори во никој случај“. Самата искра, сметало британското Министерство за надворешни работи, не може да создаде сериозни проблеми бидејќи Македонците, според нив, немале националност, која би ја бранеле, освен обидите на ВМРО да ја разбудат „заспаната убавица“ на бугарскиот национализам со бомби и атентати, како што го правеле тоа кон крајот на XIX век. Британците верувале дека до почетокот на 30-тите години од XX век, асимилацијата на Македонците полека напредувала. Сепак, треба да се нагласи дека ним им било јасно

[24] Цитирано според: Теон Цинго, Велика Британија и Балканот..., 76.
[25] Исто.
[26] Исто, 65.
[27] Исто.
[28] Исто.

дека треба некако да се справат со оваа искра. „Ограничена“ автономија, „локална“, или дури и „федерална југословенска држава“ биле дел од решенијата што ги смислило британското Министерство за надворешни работи, но, кои не било способно да ги спроведе. Секако, постоеле и порадикални гледишта, главно, на британските дипломати во Софија: менување на границите, права на малцинствата и Балканска федерација во која ќе учествува Македонија како посебна единица. Таквите гледишта никогаш не биле одобрени од Министерството за надворешни работи; ниту, пак, дозволиле да ги негува некој друг. Тие сметале дека „Балканските Словени треба да научат да живеат заедно; само не во истата држава. Формирањето една Балканска федерација би требало да ѝ даде доволно простор на македонската ‘искра’ да тлее. Доколку се случело ова, Солун, а, исто така, и Адријанопол, би ги почувствувале нејзините пламени јазици“.

Она што посебно ги загрижувало и фрустрирало Британците бил фактот што нивната разузнавачка служба не можела да продре во комунистичките кругови на Балканот, а особено во Југославија и Македонија и она од што најмногу се плашеле било борба со противник кој немал јасно дефиниран облик. Во однос на ова, Роналд Кембел, британскиот дипломатски претставник во Софија и во Белград, во телеграма до лордот Халифакс, од Министерството за надворешни работи на Велика Британија, од 26 декември 1939 година ќе истакне дека „сé што знаеме е дека постои комунистичка организација која е илегална и оттаму има карактер на тајно здру-жение”.[29] Интересен е фактот што „цели пет години во процесот на јакнење на македонската левица во рамките на Југославија, британските дипломатски претставници и нивните агенти на теренот не успеале да навлезат во тие редови”.[30] Она што го забележале британските дипломати и разузнавачи во годините пред почетокот на Втората светска војна на Балканот бил фактот дека „симпатиите кон комунистичкото движење и масовноста на Македонците во многу мала мерка имале идеолошка основа. Автономијата, а не идеологијата, била главниот врзувачки фактор кој ги привлекувал кон некоја од големите сили, без разлика дали тоа била Италија, Германија или СССР“.

Британскиот интерес кон македонското прашање во текот на Втората светска војна започнува од средината на 1943 година. Дотогаш македонското прашање не се среќава во документите и разговорите меѓу Големите тројца. Промената настанува кога

[29] Цитирано според: Теон Цинго, Велика Британија и Балканот...
[30] Исто.

во текот на 1943 година започнале да пристигнуваат информации за акции на македонските партизани. Со формирањето на партизанските одреди и отпорот против германскиот, италијанскиот и бугарскиот наци-фашистички окупатор, и македонскиот народ станал дел од анти-фашистичката коалиција. Тоа од своја страна го привлекло вниманието на Британското Министерство за надворешни работи, а таквите информации го привлекле и вниманието на британскиот премиер Винстон Черчил. Како искусен политичар, наредил веднаш „да се направи комплетен извештај за Македонија, а СОЕ од своја страна да испрати свои луѓе за да се запознаат со ситуацијата во Македонија“.[31] Дотогаш британската дипломатија не калкулирала со повторното воскреснување на македонското прашање сметајќи го како решено, во составот на Кралството Југославија.

По направените анализи за она што преставувало македонското прашање, британската политика зазела став дека не треба да се дозволи формирање на самостојна и обединета македонска држава и формирање на јужнословенска федерација.[32]

Присуството на овие мисии и нивните извештаи, придонеле будно да се следи ситуацијата во Македонија. Акциите, контактите и соработката што ја имале грчките и албанските партизани со окрупнетите единици на НОВ и ПО на Македонија ќе бидат и причина повеќе Британците да се фокусираат на Балканот, особено заради политичките анализи на раководствата за повоените територијални поделби. Од членовите на мисиите во Македонија се барало да не се мешаат во какви било политички прашања и дискусии кои се однесуваат за иднината на македонското прашање.

Учеството на Македонците во војната на страната на Антихитлеровската коалиција во рамките на КПЈ, формирањето на Народноослободителни одреди, баталјони, бригади, дивизии, ги анулирало сите дотогашни планови на Британците за повоено status quo на Балканот. Формирањето на македонската држава веќе било реалност. Идејата за обединување била жива и во оптек. Прашање било: „До каде било спремно југословенското раководство да оди и дали може да се контролираат македонските национални елементи?“ Поради новонастанатата ситуација, Британците морале да се прилагодуваат на новонастанатите услови. Од тие причини, секоја

[31] Цитирано според: Тодор Чепреганов, *Велика Британија и македонското национално прашање (август 1944-1948)*, Институт за национална историја, Екопрес Магна-Скен, Скопје 1997, 36.
[32] Исто, 37.

информација за нив била од витално значење како би можеле да спречат што било, со што би се загрозил нивниот интерес. Доставената информација на 16 ноември 1944 година дека „неодамна е постигнат таен договор меѓу Тито и бугарската влада, со кој, Пирин, македонска провинција на Бугарија, ќе биде вратена на Југославија“,[33] го свртела вниманието на експертите на Министерството за надворешни работи на Велика Британија. Тие во своите анализи потенцираат дека „Пирин е планински предел кој лежи на запад меѓу струмичката долина и на исток до долината на Места“ и дека таа „се наоѓа во границите на Бугарија уште пред војната и поради тоа не треба да се поставува прашањето за нејзино враќање на Југославија бидејќи во поновата историја никогаш не ѝ припаѓала на Србија“.[34] Британците посебно ги загрижувал фактот што самата бугарска влада била спремна да ја отстапи Пиринската област на Југославија со што „ја покажува нејзината спремност да ја стопи својата сувереност во големата јужнословенска федерација“, но не верувале дека „бугарскиот народ би го толерирал намалувањето на територијата“.[35]

Посебно внимание во Министерството за надворешни работи на Велика Британија ќе предизвика телеграмата на Фицрој Маклин, шеф на британските воени мисии во Југославија, со која известувал за формирањето на политичкото тело „за раководење со борбата на Македонците во Грција“ на 3 декември 1944 година во Битола. Во таа прилика претставникот на грчката КП Илпиридис ги повикал „југословенските Македонци да се обединат со Комунистичката партија на Грција против грчката влада“.[36] Ваквиот развој на настаните бил сигнал за Маклин да интервенира кај претседателот на НКОЈ, Јосип Броз Тито, дека таквата состојба „не е во согласност со уверувањата што тој самиот ми ги даде во однос на предметот и го предупредив уште еднаш да не (повторувам не) биде вовлечен во Грција“. Одговорот на Тито бил дека таквите активности се преземаат без негово „знаење и одобрување и вети дека таквите активности ќе ги прекинат веднаш“.[37]

[33] *Велика Британија и Македонија (18 август1944 – 8 мај 1945)*. Документи, т. I...,„50.
[34] Исто, 51.
[35] Исто.
[36] Исто, 114.
[37] Исто, 115.

САД во Првата светска војна се вклучија во 1917 година, а по завршувањето на истата зедоа учество на Версајската мировна конференција која ја напуштија по неприфаќањето на 14-те точки на Вилсон. За политичкиот естеблишмент на САД Балканот, претставувал духовно заостанат регион, кој со ништо не можел да го предизвика интересот на САД. Поради таквиот став за САД не беше важна ниту една држава на Балканот во која би пристапиле кон формирање на своја амбасада, односно ниту една држава на Балканот не беше доволно важна за САД и не гледаа потреба да отворат таму своја амбасада.[38]

Политиката на Министерството за надворешни работи била нивните преставници во балканските држави да избегнуваат секакво инволвирање во малцинските прашања, а претседателот на САД Вилсон бил застапник на политиката дека немаат економски и воен интерес на Балканот.[39] Македонското прашање, за нив влегувало во рамките на т.н. балканизам[40].

Извесна пресвртница ќе се случи во 1901 г., кога од страна на ТМОРО доаѓа до киднапирање на Елен Стоун, настан кој до нејзиното ослободување ќе биде ударна вест на страниците на печатот на САД. Со ист интензитет во печатот биле пренесувани и настаните од Илинденското востание и Балканските војни. Несомнено дека првите средби со македонското прашање за САД биле средби со насилство и далеку од тоа да преземаат некои активности во однос на идентитетот на народот кој живеел на таа територија. И во текот на Балканските војни и поделбата на Македонија, САД останале на страна од идентитетските прашања.[41]

На Париската мировна конференција, делегацијата на САД покажала многу мал интерес за преземање на посериозни обиди да добие мандат над Македонија, да формира независна држава или дури да обезбеди признавање на нејзиниот национален статус. Во ситуација кога дипломатиите на трите балкански држави Бугарија, Грција и Србија со сите можни политички средства лобираат кај Големите сили за

---

[38] Тодор Чепреганов, *Политиката на Соединетите Американски Држави и на Велика Британија спрема Македонија во текот на Втората светска војна*, Скопје, 2012, 13.
[39] Исто, 15.
[40] Термин од меѓувоениот период со којшто се означувал регион каде што судирите и насилството биле вообичаени, сиромаштијата била правило и каде што населението напросто не било подготвено за западните идеали на политичката култура: регион во којшто „ориенталниот“ карактер на Турците ги одзел европските вредности. Исто, 16.
[41] Тодор Чепреганов, *Политиката на Соединетите Американски Држави*…, 13.

официјализирање на поделбата на Македонија, било многу тешко за американската делегација да го утврди вистинскиот ентитет на населението во Македонија. Со еден збор, САД имале многу мал интерес во регионот.

Во перидот меѓу двете светски настаните кои се случувале во деловите на Македонија во рамките на Бугарија, Грција и Србија го привлекле вниманието на американските службеници во легациите во Кралството Бугарија, Кралството Грција и во Кралството на СХС/Југославија. Меѓутоа, на самиот почеток, Министерството за надворешни работи на САД ги брифирал дипломатските претставници на легациите дека инволвирањето на САД треба да биде ограничено и дека барањата за помош и арбитража од страна на балканските влади и политички организации се „наполнети со динамит...и не би требало...да се прифатат“.[42] Во основа, во периодот меѓу двете светски војни САД избегнувале секакво признавање на македонскиот идентитет. Но, и покрај таквиот став, претставниците на легациите на САД во Софија и во Белград во своите извештаи не можеле, а да не се осврнат и на македонското прашање, иако тоа било многу „срамежливо“. Во своите извештаи тие спомenуваат лица кои се идентификуваат како Македонци кои се сметале за нешто посебно, а не за „Срби“ или „Бугари“. Меѓутоа, тоа завршувало во круговите на Министерството за надворешни работи без притоа да бидат преземени натамошни чекори кон признавањето на македонскиот идентитет. Треба да се има предвид дека дипломатските претставници на САД на Балканот пред сè биле поврзани со владеачките елити во државите во кои работеле, а по повлекувањето од Версајската мировна конференција, САД повторно се вратиле кон својот изолационизам кон Европа.[43]

Демонстрациите што уследиле како резултат на пристапувањето на Кралството Југославија го активирале воениот удар од 27 март организиран од страна Британската разузнавачка служба СОЕ.[44]

Овие настани биле пренесени преку американските дописници кои се наоѓале во Кралството Југославија, а се однесувале на Македонија. На 24 март 1941 година „Вашингтон пост“ ја пренел информацијата за започнатите демонстрации во Македонија, каде што, „неколку илјади Јужни Срби и Македонци демонстрирале во

[42] Тодор Чепреганов, Политиката на Соединетите Американски Држави…, 14.
[43] Исто, 15.
[44] Види поопширно: Тодор Чепреганов, *Политиката на Соединетите...*, 26.

Скопје, пеејќи македонски револуционерни песни и извикувајќи српски и македонски пароли“.[45] Информацијата недвосмислено покажува дека дописникот на „Вашингтон пост“ добро бил запознат со историјата на македонскиот народ, бидејќи во текстот тој ги двои Македонците од Србите, како народ со посебна национална припадност, што го потврдува и информацијата од 25 март 1941 година во истиот весник, дека демонстрациите во Македонија може да „предизвикаат незгоди меѓу Македонците и Србите“.[46]

Во текот на Втората светска војна, сè до 1943 година, Велика Британија, а до 1944 год. САД, со големи симпатии гледале на генералот Дража Михајловиќ и безусловно го помагале, а Британците од 1941 год. имале и свои воени мисии. За она што се случува на територијата на Македонија Министерството за надворешни работи на САД и известителната служба ОСС[47] добивале информации од Британците. Но, Американците станувале сè посвесни дека Британците не се доволно искрени во пренесувањето на информациите и за она што се случувало на територијата на Кралството Југославија и во Македонија.

Сè до средината на 1944 година, Министерството за надворешни работи на САД не покажувал голем интерес за настаните што се случувале на територијата на Македонија. За тоа практично и немало поволни околности бидејќи настаните на Балканот, САД ѝ ги беа препуштиле на Велика Британија. Единствените информации за настаните во Македонија биле повремените написи во американскиот печат.

Американската разузнавачка служба ОСС својата прва воена мисија на европско тло ја испраќа во Лондон во ноември 1941 година во штабот на британската разузнавачка служба СОЕ[48]. И двете разузнавачки служби СОЕ и ОСС требало меѓусебно да соработуваат во борбата против наци-фашизмот. Британската служба била поискусна и подобро обучена бидејќи уште од 1941 година била ангажирана на военото поле со свои разузнавачи на Балканот. Меѓутоа, меѓу нив имало и недоразбирања и меѓусебна недоверба. Тоа пред сè се должело на фактот што Британците веќе имале зацртана програма за работа и се плашеле дека можело да се случи, неискусните американски разузнавачи, да загрозат некоја од предвидените

[45] Тодор Чепреганов, Политиката на Соединетите Американски Држави…, 28.
[46] Исто, 29.
[47] Канцеларија за стратешки служби (Office of Strategic Services).
[48] Управа за специјални операции (Special Operations Executiva).

операции. Како резултат на тоа, Американците немале целосен увид за она што се случува на военото поле.

За разлика од британските воени мисии, кои на територијата на Македонија пристигнале во октомври 1943 година, првите самостојни американски воени мисии во Македонија пристигнале ноќта меѓу 23/24 јуни 1944 година. Мајорот Скот Дикинсон бил првиот американски офицер што бил испратен при Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија. Со тоа започнало инфилтрирањето на американските воени мисии во единиците на НОВ и ПО на Македонија.[49]

Пред спуштањето на мајорот Скот Дикинсон во Македонија, американската разузнавачка служба ОСС, на 8 јуни 1944 година, доставила еден таен документ направен врз база на „истражување и анализа“ за политичката состојба во Кралството Југославија, односно за „прашањето на југословенската федерација“. Анализата била доставена до сите релевантни политички и воени лица и тела. Според увидот на американските аналитичари, „апологетите на федерализмот се залагаат за формирање бројни автономни единици во рамките на Југославија“, прифаќајќи го „принципот на националните разлики како критериум за утврдување на државните граници“. Но, според нив тој „критериум не е прифатлив за провинциите (како што се Босна, Херцеговина и Македонија) кои се населени со хетерогено население“ и дека „сите апологети на федерализмот се подготвени да прифатат арбитражна солуција за овој проблем, било со поделба на посебни делови или додавање на региони кои се населени со доминантно српско население на Србија и хрватски региони на Хрватска“. Според нивните истражувања, „Македонија, иако конгломерат од различни народи, би можела да ја оправда својата автономија врз основа на етничкиот принцип. Исто така, оваа автономија е императив, бидејќи мнозинството Македонци не се сметаат себеси за ‘Јужни Срби’, што е целосно вештачки термин“ и заклучиле дека сите политички партии во Србија им ги „оспоруваат правата на Македонците да формираат автономна држава во рамките на Југославија“.

Во однос на Македонија, им било многу добро познато дека „Македонија, дефинитивно не припаѓа кон српската единица. Етнички, национално, општествено,

[49] Види поопширно: *Воените мисии на Соединетите Американски Држави во Македонија 1944-1945*. Документи, Т. 1, Избор, превод и редакција д-р Тодор Чепреганов, Институт за национална историја, Скопје, 2008, 13-23.

психолошки и историски, Македонците се разликуваат од Србите. Тие повеќе се разликуваат од Србите лингвистички, колку што се разликуваат Србите од Хрватите“. Нивниот заклучок бил дека „Македонците, сепак не се хомогена нација. Македонските Словени, најголемата етничка група, претставува одвај 30% од целокупното население[50]. Македонскиот национализам е многу неприроден. Тие се група на народ поврзан со географскиот фактор, со слична општествена структура и историско минато. Тие не се формирани во цврста национална единица. Но, нивната независност, пред сѐ, се оправдува со фактот дека:

„1) тие се разликуваат од сите соседни народи – тие не се ниту Албанци, ниту Грци, ниту Бугари, ниту Срби- и

2) тие имаа организирано силно движење за автономија во рамките на јужнословенска федерација. Формирањето на македонската национална држава би можело да се реализира единствено со обединување на сите Македонци (кои живеат во Југославија, Грција и Бугарија) во една единица која би била дел од југословенската федерација“.

Според нив „вклучувањето на Македонија во Југославија е оправдано поради следните причини:

1. Југословенска Македонија е пиемонт на сите Македонци.

2. Борбата за југословенска Македонија беше промовирана во оваа војна од антифашистичките сили како спротивност на Бугарска Македонија поддржувана од Оската или за целосно независна Македонија заговарана од Ванчо Михајлов, кој беше држан од Хитлер во резерва и со кого им се закануваше на бугарската влада со губењето на Македонија во случај таа да не ги исполни барањата на Оската, и

3. Народноослободителното движење на Југославија како најсилна балканска сила која ги обедини сите народи во борбата против силите на Оската се чини дека беше најсилната сила која даваше гаранција за реализирање на долгоочекуваното обединување и автономија на македонскиот народ...”.[51]

Тоа биле првите независни анализи на американските разузнавачи за

[50] Од вкупното население на Вардарска Бановина.
[51] *Воените мисии на Соединетите Американски Држави...*, 44-45.

политичките и етно-националните прашања во Кралството Југославија и за можностите за нивните идни решенија.

По пристигнувањето во Македонија, американскиот шеф на воените мисии, мајорот Скот Дикинсон, за првпат, независно од британските воени мисии во Македонија, започнал со испраќање извештаи до своите претпоставени во Белград за она што се случувало на територијата на Македонија. Тоа биле првите интерни независни информации за состојбата во Македонија од американски известувачи. Со посебно внимание се следеле сите активности што се одвивале во редовите на НОВ и ПО на Македонија, како и чекорите што биле преземени од страна на воениот врв на ГШ на НОВ и ПО на Македонија во врска со плановите за натамошниот развој на Народно-ослободителната војна во Македонија. Меѓутоа, тие секогаш не биле во тек со она што се случувало во однос на политичките и воените одлуки. Имајќи предвид дека народноослободителното движење од самиот почеток беше оставено само на себе, без никаква поддршка од која и да е западна сила, тоа му даваше право да презема активности што беа од негов интерес, без да бидат известени претставниците на британските и американските воени мисии при ГШ на НОВ и ПО на Македонија.

Уште во текот на војната САД зазеле солидарен став со Велика Британија за двете прашања што биле од „витален“ интерес за интересите на Велика Британија на Балканот. Во врска со прашањето за обединувањето на Македонија, одговорот на САД бил дека за нив „предвоените граници на Југославија, Бугарија и Грција во однос на македонската територија мора да се сметаат како правни граници“, а тие би можеле да се променат единствено со согласност на заинтересираните страни и со слободно изразената волја на народите. Министерството за надворешни работи на САД зазело став дека Македонија ќе може да има автономен статус во рамките на Југославија, но ѝ го оспорува правото на легитимитет на Македонија на секоја територија што е во границите на Грција, т.е. да се смета за територија што ѝ припаѓа на Македонија.[52]

И покрај ставот на Министерството за надворешни работи на САД дека немаат ништо против отстапувањето на делот на Македонија под Бугарија на федерална Македонија, сепак експертите сметале дека тоа прашање не требало да се прејудицира сè додека не се реши прашањето со Бугарија, како земја која била на страната на Оската.

[52] *Воените мисии на Соединетите Американски Држави...*, 76.

Во однос на прашањето за југословенско-бугарската федерација, Министерството за надворешни работи на САД, зазело став, дека таквата федерација повеќе би претставувала пречка отколку фактор на стабилност во југоисточна Европа, образложувајќи го тоа со фактот дека „соседните несловенски држави, вклучително и Турција, тоа би го сметале како опасност за нивната безбедност". Затоа нивниот став бил против склучување таков сојуз пред склучувањето мир меѓу Бугарија и Обединетите нации.[53]

На Конференцијата на Јалта (4 - 11 февруари 1945 г.) македонското прашање не било поставено на дневен ред, ниту на седниците на „големите тројца“, ниту на состаноците на министрите за надворешни работи. Својот став за македонското прашање САД го дефинирале со Велика Британија уште пред почетокот на Јалтската конференција. Во разговорите меѓу американските и британските преговарачи, било договорено тоа прашање да не се става на дневниот ред на Конференцијата во Јалта. Од своја страна, САД имале свој став во врска за ова прашање. За нив, прашањата за обединета Македонија и за балканска федерација биле „две поврзани прашања кои се однесувале на југоисточна Европа..., како и проектот за една унија на Бугарија со Југославија и настојувањето за една интегрална Македонија“. Тие две прашања во себе, според САД, го вклучувале разгледувањето на планот за создавање балканска федерација. САД ја поддржувале Британија во нејзиниот став за поврзување „сојузнички и непријателски земји со можност на вклучување и на Турција“, но биле против некаква ексклузивна „унија или федерација“ меѓу Југославија и Бугарија, „зашто тоа не би придонело за напредување кон поширокото групирање и, исто така, би ја изолирало Грција и би ја загрозило нејзината положба“. И во поглед на Македонија САД се приклониле кон британскиот став за признавање на македонската држава како федерална единица во федеративна Југославија, во која би влегле територии што претходно ѝ припаѓале на Југославија, а „оставајќи им ги македонските“ делови во Грција и во Бугарија на овие “респектирани земји“.[54]

Париската мировна конференција која се одржала од 29 јули 1946 до 15 октомври 1946 година требало да ги разгледа мировните договори со Италија, Бугарија, Унгарија, Романија и Финска. На истата присуствувале претставници од 21 земја меѓу кои и делегација на ДФ Југославија, а во чиј состав се наоѓал и Димитар Влахов.

[53] Воените мисии на Соединетите Американски Држави..., 77.
[54] Исто, 118.

Конференцијата посебно требало да биде важна за македонскиот народ бидејќи во текот на војната Јосип Броз Тито ги убедувал македонските политички и воени претставници дека решавањето на македонското прашање ќе го постави на првата меѓународна конференција. Но, тоа не се случило. Тоа ниту било поставено, ниту разгледувано на состаноците на Министерскиот совет во кој влегле САД, СССР, Велика Британија, Франција и Кина. Париската мировна конференција требало да се осврне на територијалното разграничување меѓу Југославија и Италија, а на македонското прашање се осврнале единствено кога се дискутирало за разрешување на територијалните спорови меѓу Грција и Бугарија. Во тој контекст зборувале Моша Пијаде и Димитар Влахов кои потенцирале дека и во деловите на Македонија во рамките на Грција и Бугарија живеат Македонци кои се подложени на постојан притисок и терор и дека решавањето на тоа прашање можело да се реализира единствено преку негово обединување како би можел да ужива во својата етничка целост која во тој момент ја уживал само македонскиот народ во НР Македонија во рамките на југословенската федерација.[55] Но, решавањето на македонското прашање не влегувало во зацртаните стратегиски цели на големите сили.

По резолуцијата на Информбирото (1948), и покрај фактот што претставувала изненадување за политичкиот естаблишмент на Велика Британија, можеле да констатираат дека „македонското прашање за догледно време е ставено во замрзнувач" бидејќи тоа прашање за нив било „многу комплицирано...и нејасно...како и секогаш досега".[56] Со тоа британскиот политички врв успеал по дипломатски пат да го неутрализира македонското прашање, кое по војната ги загрозувало виталните британски интереси на Балканот, и покрај непобитниот факт кој го знаеле и секојдневно за тоа добивале од своите дипломатски и разузнавачки служби извештаи за постоењето на еден посебен македонски ентитет со свој јазик култура различен од бугарскиот, грчкиот и српскиот кој тежнее и ја има како водилка идејата за обединета Македонија. Но, несомнено стратегиските интереси на „големите" го беа зацртале максимумот што може да го добие македонскиот народ, а тоа беше федерална единица во рамките на ДФ Југославија.

---

[55] Види поопширно: Тодор Чепреганов, *Велика Британија и македонското национално прашање (август 1944-1948),* Институт за национална историја, Експрес Магна-скен, Скопје 1997, 154-158.
[56] Исто, 186.

## Литература:


- Димитрис Ливаниос, *Македонското прашање: Велика Британија и Јужен Балкан 1939 – 1949*, Арс студио, 2017
- Теон Џинго, *Велика Британија и Балканот.*
- Тодор Чепреганов, *Велика Британија и македонското национално прашање (август 1944-1948)*, Институт за национална историја, Екопрес Магна-Скен, Скопје 1997
- [1] Тодор Чепреганов, *Политиката на Соединетите Американски Држави и на Велика Британија спрема Македонија во текот на Втората светска војна*, Скопје, 2012